# КОМЕНТАР
# COMMENT

Бр.39

International Budget Partnership

Оваа публикација е произведена со поддршка од Меѓународното буџетско партнерство (IBP). IBP може да не се согласува или да не ги одобрува мислењата изразени во оваа публикација.




**На економскиот дел од Извештајот на Европската Комисија за напредокот на Република Северна Македонија**

**31. октомври 2024.**

Европската Комисија го објави Извештајот за напредокот на Северна Македонија. Извештајот дава реалистична слика за **отсуството на напредок или за бавен напредок** на повеќе критички реформски точки за македонската економија. Во овој Коментар, се осврнуваме на неколку точки кои ги сметаме за критични во отстранувањето на структурните слабости на економијата.

1. За разлика од претходните извештаи, овој Извештај воведува нагласен критички тон за однесувањето на **фискалната политика и јавните финансии** во претходната година (септември 2023 – септември 2024), и тоа на неколку пункта:

1.1. Постоењето на **фискалните ризици**, во контекст на бавната и недоволна фискална консолидација, надополнета со преземените **условни обврски** и вонбуџетските позиции, кои заедно со достасаните а неизмирени обврски на државата создаваат голем (и често скриен) буџетски товар, кој може да предизвика значајни негативни последици за проширување на фискалниот дефицит и јавниот долг. Ова е особено важно во контекст на растечкиот јавен долг. На стр. 51 се истакнува: *„Фискалните ризици се значителни, недоволно мониторирани и дел од нив, како што се условените обврски што произлегуваат од јавно-приватни партнерства (ЈПП) и други вонбуџетски субјекти, не се пријавуваат систематски до централната влада.*".

**1.2.** Претходното повлекува тековна неусогласеност со **фискалните правила**, кои влегуваат во сила на 1. јануари 2025., според неодамна-усвоениот Законот за буџети, што претставува

Finance Think – 2024 All rights reserved.

критичка појдовна точка за усогласување со предвидените фискални правила и фискално дисциплинирање, како што покажуваме во нашата претстојна **Студија за политиките 53: Фискална дисциплина и ефикасност на фискалните правила во Северна Македонија: Патот кон одржливост** (која ќе се објави на 22. ноември 2024.)

1.3. **Неусогласеноста на фискалната со монетарната политика** во време на нагласени инфлациски притисоци ии ризици во минатата година, односно експанзивноста на фискалната политика преку зголемувањето на платите на јавната администрација (септември 2023) и ад-хок зголемувањето на пензиите (септември 2024). Извештајот јасно го нагласува присутниот инфлациски ризик од ваквите потези и од продолжената експанзивност на фискалната политика, како што нагласивме и во нашиот **ФТ Став бр. 62 за ребалансот на Буџетот 2024** од 26. јули 2024.

1.4. Бавнот напредок во имплементацијата на програмата за **реформа на управувањето со јавните финансии**, вклучително и сè уште неусвоената програма за периодот 2024-2027.

1.5. Сè уште присутното ниско ниво на **буџетска транспарентност**. На стр. 26 се констатира: *„Буџетската транспарентност во Северна Македонија и понатаму е ограничена, како што покажува ниското резултат од 35 на последното Истражување за отвореност на буџетот, што е значително под глобалниот просек од 45*".

2. Извештајот, за разлика од минатата година, го констатира **постепеното повлекување од линеарните мерки** за справување со последиците од енергетската криза (главно, ограничувањето на субвенционирањето на цената на електирчната енергија), што е во линија со забелешките и од Finance Think, а поради потребата прудентно да се управува со тенкиот фискален простор. Овие потези се во линија и со **нашите укажувања** според кои, од мерките наменети и за домаќинства и за компаниите, 88% беа линеарни и претставуваа значајно искористување на фискалниот простор. Во таа насока, Извештајот го нагласува и постепеното намалување на регулираниот пазар на струја.

3. Извештајот и понатаму укажува на **недоволен напредок во справувањето со сивата економија**. Во **Студија за политиките 50: Грануларно испитување на неформалната економија во Северна Македонија: Увид во неформалните работници, непријавената работа и нецелосното пријавување на доходот во домаќинствата** од јануари 2024 го третиравме прашањето на уделот на непријавените работници и

Finance Think – 2024 All rights reserved.

нецелосно пријавените работници сивата економија, што како критични точки ги нагласува и самиот Извештај: *„Неформалниот сектор во земјата се појавува во различни форми, од кои најистакнати се нерегистриранаta работна сила, делумно непријавените плати и други неправилности во спроведувањето на Законот за работни односи.*" (стр.52). Укажуваме дека без видливи резултати на полето на сивата економија, наметнување нови и повисоки даноци ќе биде само во полза на зголемување на сивата економија. Оттука, во линија со заложбите на новата влада, борбата со сивата економија треба да добие централно место во проширувањето на даночната основа и создавањето поголеми буџетски приходи.

4. Извештајот дава остра критика на управувањето со **државната помош**. Посебно наведува: *„Транспарентноста и ефикасноста на државната помош сè уште се незадоволителни.*" (стр.52) Притоа, за првпат во овој Извештај посебен нагласок е ставен врз недоволните компетенции на Комисијата за заштита на конкуренцијата (КЗК), што и Finance Think го нагласуваше повеќе пати во контекст на мерките за ограничување на цените и маржите наместо структурното зајакнување на Комисијата, која треба да се бори против здружувања на пазарот кои наметнуваат неконкурентски цени, посебно во сегментот храна и пијалоци.

   Дополнително, сврзано со државната помош, се нагласуваат и недоволните критериуми за избор на корисници, и сè општата недоволна транспарентност, како што покажуваат и наодите од нашата престојна **Студија за политиките 54: Зајакнување на економиите од Западниот Балкан: Стимули за државна помош и транспарентност во регионот** (која ќе се објави на 20. декември 2024.).

Во остатокот од економскиот дел, Извештајот се фокусира врз потребата од структурни реформи за чие спроведување и резултати е потребен подолг рок, а тоа се областите на човечки капитал, физичка и енергетска инфраструктура и иновации, кои во најголем дел беа присутни и во претходните Извештаи.

Finance Think – 2024 All rights reserved.